# ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**www.iph.mk**

Ул. "50 Дивизија" бр.6, 1000 СКОПЈЕ

Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354


## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **о к т о м в р и, 2025**




**Скопје, 14.11.2025**

**Содржина:**


*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ОКТОМВРИ, 2025 година* ............. 3

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ* ........................................ 5

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА* .................................................................. 5

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА* ........................................................ 5

*ЕПИДЕМИИ* ........................................................................................................................... 5

*СМРТНИ СЛУЧАИ* ................................................................................................................ 6

*ГРИП* ..................................................................................................................................... 6

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ* ..................................... 6

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ* ...................................... 7

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ОКТОМВРИ, 2025 година*

Во текот на месец октомври 2025 година, во Р.С. Македонија, пријавени се вкупно 961 заболено лице од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б, Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од 52,3 на 100.000 жители.

Во текот на месец октомври се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 12,5% во однос на претходниот месец, септември 2025 (n=854). Во однос на аритметичката средина за периодот 2015–2024, се бележи намалување за 19,0% (n=1.187), а во однос на октомври 2024, се бележи зголемување за 11,2% (n=864). (Графикон 1)

Во вкупниот број на заболени во 2025 година, регистрираните случаи во месец октомври учествуваат со 11,0%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2025 (n=8.701) е за 26,1% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=11.780).

***<u>Графикон 1</u>: Број на заболени од заразни болести по месеци во 2025 и аритметичка средина за 2015-2024***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=320; 33,3%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=24; 2,5%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Кочани (I=82,5/100.000), а најниска инциденца во ЦЈЗ Тетово (I=15,5/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територијата на Крушево (I=190,8/100.000).

Пет ПЕ не доставија пријави за заразни болести од територијата која ја покриваат (Ресен, Гевгелија, Делчево, Пехчево и Дебар). (Табела 1 во Прилог, Картограм)

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во октомври, 2025***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во октомври учествуваат со 98,0% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 51,3/100.000 жители. *(Табела 1)*

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во октомври, 2025***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници | **533** | **29,0** |
| Ентероколитиси | **288** | **15,7** |
| Салмонелози | **42** | **2,3** |
| Шуга | **25** | **1,4** |
| Бактериски алиметарни инфекции и интоксикации | **22** | **1,2** |
| Инфективна мононуклеоза | **17** | **0,9** |
| Легионерска болест | **6** | **0,3** |
| Инфекции предизвикани од E.coli | **4** | **0,2** |
| Заушки | **3** | **0,2** |
| Инфекции со Хламидија | **2** | **0,1** |
| ***Вкупно*** | ***942*** | **51,3** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколитиси, n=821) учествуваат со 85,4% во вкупниот број на заболени, а со 87,2% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец октомври 2025 година.

Во текот на октомври, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 533 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 55,5%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 56,6%.

Во однос на претходниот месец септември 2025 (n=256), се регистрира двојно зголемување на бројот на пријавени лица од овчи сипаници. Во однос на месец октомври 2024 (n=304) се регистрира зголемување за 75,3%, а во однос на аритметичката средина (n=382) се регистрира зголемување за 39,5%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2025 (n=4.084), пријавените случаи во октомври учествуваат со 13,1%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=8.701), овчите сипаници учествуваат со 46,9%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2025 (n=4.084) е за 29,9% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 (n=5.826).

На второ место по број на пријавени заболени во месец октомври се **ентероколитисите**, со 288 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 30,0%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 30,6%.

Во однос на претходниот месец септември 2025 (n=465), се регистрира намалување на бројот на заболени од ентероколитиод 38,1%, додека во однос на месец октомври 2024 (n=390) се регистрира намалување од 26,2%. Во однос на аритметичката средина (n=627) се регистрира намалување за 54,1%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколитиси во 2025 (n=3.303), пријавените случаи во октомври учествуваат со 8,7%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=8.701), ентероколитите учествуваат со 38,0%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколитиси во 2025 (n=3.303) е намален за 4,8% во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=3.469).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи,** во октомври, најголем број (n=562) припаѓаат на **капкови заболувања** (58,5%; I=30,6/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=533; 94,8%) и инциденца (I=29,0/100.000), се пријавите на овчи сипаници. Пријавени се и 17 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,9/100.000), 6 случаи на легионерска болест (I=0,3/100.000), 3 случаи на заушки, 2 случаи на скарлатина и еден случај на менингококна болест.

Во месец октомври, пријавени се 358 случаи (37,3% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **цревни заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 19,5/100.000. Од нив, најголем број (n=288; 80,4%) и инциденца (I=15,7/100.000) се пријавите за ентероколитиси. Во оваа група се пријавени, 42 случаи на салмонелози (I=2,3/100.000), 22 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, (I=1,2/100.000), 4 случаи на инфекции предизвикани од E.Coli и по еден случај на џардијаза и шигелоза.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во октомври се регистрирани 30 случаи (3,1%; I=1,6/100.000) (*Графикон 3*). Од нив, 25 се случаи на шуга (83,3%; I=1,4/100.000), 2 случаи на бактериски менингитис, 2 случаи на вирусен хепатит и еден случај на вирусен менингитис.

Во групата на **зоонози**, во месец октомври регистрирани се 5 случаи (0,5%; I=0,3/100.000), два случаи на туларемија и по еден случај на бруцелоза, ехинококоза и лајм борелиоза.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** *(без ХИВ/СИДА)* се регистрирани 6 заболени лица (0,6%; I=0,3/100.000) *(Графикон 3)* и тоа: пријавени се по 2 случаи на инфекција со хламидија и сифилис и по еден случај на вирусен хепатитис Б и вирусен хепатитис Ц. *(Графикон 3, Табела 1 во Прилог)*

***Графикон 3**: Структура на заболени по групи на заболувања во октомври 2025*




## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец октомври, пристигнати се 5 пријави за новорегистрирани лица со ХИВ/СИДА.

Се работи за пет машки лица од Скопје, Струга и Охрид на возраст од 30-49 години *(Табела 3 во Прилог)*. Во однос на веројатниот ризик за стекнување на ХИВ инфекција, сите пет се припадници на МСМ популацијата.

Нема регистрирано смртен случај.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.10.2025), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2025, изнесува 724 и тоа:

- 136 лица починале,
- 584 лица живеат со ХИВ/СИДА (4 лица се со непознат исход).

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец октомври 2025 регистрирани се еден случај на вирусен хепатитис Б и 3 случаи на заушки, со инциденца од 0,22/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрираниот случај на вирусен хепатитис Б, според возраста, не подлежи на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не е вакциниран против оваа болест.

Од регистрираните три случаи на голема кашлица, два случаи се од Кичево и еден случај од Битола. Трите случаи се со исполнет критериум за возраст и задолжителна имунизација според националниот вакцинален календар, два од случаите се вакцинирани со една доза MPR вакцина а третиот е невакциниран.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во текот на месец октомври, пријавени се вкупно 70 случаи на КОВИД-19, за разлика од месец септември кога беа пријавени 140 случаи и месец октомври 2024 кога се регистрирани 56 случаи.

Најголем број од случаите се регистрирани во Скопје (n=40), а пријавени се и 11 случаи од Битола, 9 од Кавадарци, 5 случаи од Тетово и по еден случај од Велес, Берово, Крива Паланка, Струга и Радовиш. Во текот на месецот е регистрирано едно починато лице асоцирано со КОВИД-19.

Од КОВИД-19 заболените, пријавени се позитивни од сите возрасни групи, а најголем број е регистриран кај возрасната група од 60+ години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец октомври, се тестирани се вкупно 874 материјали, за 4,5% помалку во однос на минатиот месец (n=915).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.10.2025, пријавени се вкупно 352.433 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.188,7/100.000) и 10.007 смртни случаи (Mt= 544,8/100.000; CFR=2,8%).

## *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец октомври до Институтот за јавно здравје **пристигнати се 2 пријави за епидеми на заразно заболување**.

На 17.10.2025 година, од страна на ЦЈЗ Охрид пријавена е епидемија – Toxoinfectio alimentaris со датум на откривање, на 16.10.2025 година и со вкупно пријавени 11 заболени лица. Заболените лица биле дел од туристичка група од друга земја со престој во ист угостителски објект каде ја консумирале храната.

Во тек на истражувањето на епидемијата земени се вкупно 12 мостри за анализа од нежива средина (храна и брисеви) како и 24 мостри за анализа од вработениот персонал. Како можен причинител е наведен е *Staphylococcus aureus*. Во епидемијата нема хоспитализирани лица.

На 20.10.2025 година, ЦЈЗ Струмица пријави епидемија на труење со храна. Епидемијата е со датум на откривање на 18.10.2025 година, во која се регистрирани пет заболени лица и се поврзува со конзумирање брза храна во угостителски објект во Струмица. При епидемиолошкиот увид земени се мостри за анализа од жива нежива и жива средина - 12 мостри за анализа (храна и брисеви), како и материјали за анализа од вработени и заболени лица. Нема хоспитализирани лица. Епидемијата е одјавена на 29.10.2025 година.

По направените епидемиолошки истражувања и земените примероци за микробиолошка анализа од жива и нежива средина како и примероци на храни, превземени се соодветни против епидемиски мерки од страна на сите надлежни органи, центри за јавно здравје, ИЈЗ, АХВ, ДСЗИ како и самите економски оператори.

### *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец октомври, не се регистирани смртни случаи од акутно заразно заболување.

### *ГРИП*

Согласно извештајот на ERVISS за состојбата со респираторните вирусни инфекции во Европскиот регион на СЗО, зклучно со недела 44/2025, стапките на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) се зголемени над основното ниво, во 2 од 30 земји. Индикаторите за активност на SARS-CoV-2 на регионално ниво генерално се намалуваат, но со варијации помеѓу земјите. XFG останува доминантна варијанта на SARS-CoV-2 во регионот.

Индикаторите за активност на RSV се зголемени, но остануваат на меѓусезонски нивоа низ регионот. Најголем број од случаите, и понатаму припаѓаат на постарите возрасни групи.

Во текот на октомври, во Република Северна Македонија на групни пријави за заболени од грип/заболувања слични на грип, пријавени се вкупно 338 заболени лица (I=18,4/100.000). Од нив, најголем број на заболени е регистриран во ЦЈЗ Гостивар (n=126), а највисока инциденца е регистрирана во ПЕ Македонски Брод (I=257,1/100.000).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ од почетокот на сезоната 2024/2025 пристигнати се вкупно 139 хумани материјали од здравствените установи во државата и сите се со негативен резултат на грип.

### *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на октомври, 2025 година во ИЈЗ се пристигнати 742 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од територииите на сите десет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број од пристигнатите пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=445; 60,0%), ЦЈЗ Куманово (n=105; 14,2%) и ЦЈЗ Битола (n=53; 7,1%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец октомври се: *MRSA (n=214; 28,8%), HPV (176; 23,7%)* и *Salmonella enteritidis (n=43; 5,8%).*

Резистенција кон антибиотици е регистрирана кај вкупно 228 докажани микроорганизми и тоа: *Acinetobacter spp., Enterobacter cloacae ESBL, E.coli ESBL, Klebsiella pneumoniae, MRSA, Salmonella spp., Staphylococcus aureus –meticilin rezistenten (MRSA).*

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пристигнати се пријави од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Струмица, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Велес, ЦЈЗ, Кочани, ЦЈЗ Кавадарци.

## ***БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ***

Во текот на месец октомври, ***пристигнати се осум пријави*** за заразно заболување бактериски алиментарни инфекции и интоксикации кај странски државјани од Република Србија.

Во текот на 2025 година, регистрирани се вкупно 42 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. Регистрирани се 15 пријави на ентероколитис, 10 пријави за салмонелози, 10 пријави за бактериски алиментарни инфекции и интоксикации и по една пријава за лајмска болест, туларемија, вирусен енцефалит, денга, мононуклеоза, туберкулоза и ХИВ/СИДА.

Според земјата од која доаѓаат, 10 лица од Србија, 10 лица се од Косово, 7 од Германија, 5 од Швајцарија, 2 од Турција и по еден случај од Бугарија, Грција, Италија, БиХ, Австрија, Словачка, САД и Холандија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***